**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**<u>ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ</u>**

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО ОУРЦ „ИДНИНА“ - СКОПЈЕ

**Јануари 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-1126/3
04.01.2024
Скопје

| |
|---|
| **ОУРЦ „Иднина“ - Скопје** |
| Конечен Извештај од извршена интегрална евалуација |

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 09.10.2023 година до12.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 16/Скопски /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гоце Јанкуловски |
| **Вид на училиштето:** | ресурсен центар за основно |
| **Подрачни/Диспирзирани училишта:** | 2 |
| **Основач на училиштето:** | Влада на Р.Македонија |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански јазик |
| **Број на ученици:** | 111 |
| **Полова структура на ученици:** | 67машки и 44 женски |
| **Број на наставници:** | 19 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Костадинка Ѓенадиќ |
| **Директор на училиштето:** | Лорета Андреевска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28.02.2017 година-03.03.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. IIМакедонска Бригада бр.3 |
| **Телефон:** | 02 2621 976 |
| **Факс:** | 02 2621 976 |
| **e-mail:** | idnina2008@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | Добар (3,23) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 09.10.2023 година до 12.10.2023 година, тим од 3 (три) државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ОУРЦ „Иднина“-Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со директорот, стучните соработници, Училишниот одбор, Совет на родители, ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници, членови на стручни активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со фокус групите, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува:**добар (3,23).**

Наставата во училиштето е организирана и планирана по наставен план и наставни програми од II - IX одделение за ученици со посебни образовни потреби во основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето. За учениците од IIдо VI одделение наставниот план се реализира согласно Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021), а спецификите за реализација се дадени во одделен наставен план за ученици со пречки во психичкиот развој, за ученици со мултихендикеп и за ученици со аутизам. Училиштето планира и реализира воннаставни активности.За поддршка на учениците со посебни образовни потреби, ресурсниот центар ангажира образовни асистенти за поддршка на учениците во ВОП во основните училишта.

Согласно решението на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија од 27.10.2020 година училиштето има добоиено решение за реонизација за соработка со основните училишта од скопскиот и североисточниот регион со општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане, Куманово, Липково, Центар, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари, Зелениково, Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер-Сандево и центрите за поддршка на училиштата во ООУ:„Кочо Рацин“- Кратово за подрачјето на општина Кратово, ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово за подрачјето на општина Куманово, ООУ „Ристо Крле“ Илинден, ООУ „Гоце Делчев“ Илинден и ООУ „Браќа Миладиновци“ Илинден за подрачјето на општина Илинден, ООУ „Кочо Рацин“ Петровц за општина Петровец, ООУ „Вера Јоциќ“ Гази Баба ООУ „Стив Наумов“ Гази Баба, ООУ „25 Мај“, ООУ „Његош“ за подрачјето на општина Гази Баба и ООУ „Ѓерг Кастриот“ Арачиново за подрачјето на општина с.Арачиново или вкупно 78 училишта во 16 општини..

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес. Училиштето ги идентификува потребите на учениците и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За постигнување на добри резултати училиштето има изготвено распоред за додатна и дополнителна настава. Од податоците во однос на постигања на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека се многу добри. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е одличен (4.75). Редовноста на учениците е добра.

Поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на само 1(еден) стручен актив (актив на специјален едукатор и рехабилитатор). Воспитно-образовната работа се реализира согласно Годишната програма на училиштето и најголем број наставници ја реализираат наставата согласно Годишните планирањата и распоред на часови. При планирање и реализација на наставните содржини поголем број наставници планираат и применуваат наставни форми, методи и техники на работа, вршат правилен избор на задачи, активности и нагледни средства со цел да ги постигнат целите со индивидуален пристап со ученик. Постигањата на учениците се евидентираат и континуирано се оценуваат. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот внатрешен простор е безбеден за настава. Училиштето превзема активности за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води

грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижат и даваат поддршка. Стручната служба води евиденција и анализа за постигањата на учениците и со класниот раководител советодавно делува при избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структири. Дисциплината е добра, а поведението на учениците е примерно. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на работилници. Училиштето организира активности за промовирање на мултикултурализмот, еднаквост и правичност, почитувајќи ги правата на децата. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи во училиштето, соработката со локалната средина и невладиниот сектор е многу добра.

Просторните услови за настава и искористеноста на просторните капацитети е добра. Пристапноста на училишниот простор за учениците делумно задоволува. Училиштето има спортски терен. Опременоста со нагледни средства по најголем број наставни предмети и потребен број на учебници е добра. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на соодветен наставен кадар. Училиштето превзема мерки за учество на обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Раководниот орган училишниот буџет многу добро го планира.

Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето превземал активности кои значително ќе придонесат за подобрување на условите за работа во училиштето, повисоки постигања на учениците и добра климата за работа.

Приоритет на директорот за училиштето се:

- изградба на нова училишна зграда(веќе одобрен проект)
- обезбедување услови на континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници
- до опремување на училиштето со образови помагала, нагледни средства и асистивна технологија кои одговараат на различите потреби на учениците со попраченост
- продлабочување на меѓународната соработка и остварување на визијата за развој на училиштето врз основа нанајдоврите национални светски практики.

Училиштето има извршено Самоевалуација за периодот 2021 – 2023 година, заведена под дел. бр.01-188/5 од 30.06.2023 година, разгледувана и усвоена од Училишниот одбор, Одлука бр.02-188/4 од 30.06.2023 година.

Училиштето има Програма за развој за периодот 2020 – 2024 година, заведена под дел.бр.01-198/4 од 03.07.2020 година со одлука од Училишен одбор број 02-198/3 од 03.07.2020 година.

За учебната 2023/2024 година врз основа на Програмата за развој училиштето има изготвено годишна програма дел бр. 01-263 од 14.08.2023 година, истата е усвоена од Училишниот одбор.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште со ресурсен центар„Иднина“е лоцирано во населба Чаир - Скопје.Оснивачките права и обврски на училиштето се на Владата на РСМ. Училиштето се наоѓа во населба Чаир на ул. IIМакедонска Бригада бр.3 – Скопје. Наставата се изведува на македонски наставен јазик и албански наставен јазик.

Училишниот објект е изграден во далечната 1964 година, а како посебно училиште започнало со работа на 18.06.1971година. Од основањето до учебната 2020/2021 во училиштето се изведува воспитно – образовна дејност на ученици со лесни пречки во психо – физичкиот развој кои се на возраст од 6-17години.Својата дејност училиштето ја обавува уште во 2(две) диспирзирани паралелки на територијата на град Скопје и тоа ООУ „„Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу “ –општина Арачиново и ООУ „25 Мај“ –општина Гази Баба.Со почетокот на учебната 2020/2021 согласно законските измени училиштето е трасформирано во основно училиште со ресурсен центар.Согласно решението на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија од 27.10.2020 година училиштето има добиено решение за реонизација за соработка со Основните училишта од Скопскиот и североисточниот регион за вкупно 78 училишта во 16 општини.

Дејноста на училиштето е верифицирано со Решение бр.10-2067/3 од 12.04.1995 година и упишано е во централниот регистар со Решение бр. 30120210014640 од 12.07.2021год. Училиштето работи според Статут бр.01-100 од 10.03.2021 година.

Просторот во кој е сместено училиштето е објект од монтажен тип со три поврзани павилјони. Училиштето располага со површина од 3102 м2 по имотен лист број 957793, површина на училишен двор 13987 м2 по имотен лист број 3840 и површина на спортски терени 200 м2. Се состои од приземје и кат, подрумски простории и спортска сала со вкупна површина од 4757м2 и 472,68 во делот на новата градба. Училишниот двор е со површина од 12377м2 од кои фудбалското игралиште е со големина од 800м2 а озеленета уредена површина има 11071м2.

Во училиштето учат ученици од второ до деветто одделение. Во учебната 2023/2024 година, вкупно запишани ученици во ОУРЦ „Иднина“ -Скопје изнесува 87 ученици во 15 паралелки и во Подрачното училиште ООУ „25 Мај“ -н.Ченто –запишани вкупно 6 ученици во една конбинирана паралелка на албански наставен јазик и во ООУ „Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу“ с.Арачиново-општина Арачиново запишани вкупно 4 ученици во една

конбинирана паралелка на албански наставен јазик Во училиштето има 11 паралелки на македонски наставен јазик,6 паралелки на албански наставен јазик и 2 групи дневен престој.

Во училиштето наставата се одвива во една смена и продолжен престој на учениците (прва смена со почеток во 7:30, а продолжениот престој трае до 14:00 часот).

Работата и наставата во училиштето ја реализираат 19 наставници (4 мажи и 15 жени), од кои 12 во одделенска и 7 наставиници во предметна настава, од кои 8 на определено работно време и 11 на неопределено, според етничката припадност македонци се 13, а 6 албанци.

Во училиштето се вработени и 30 стручни соработници, од кои еден училишен психолог, еден социјален работник, двајца логопеди,од кои еден на македонски, а еден на албански наставен јазик, библиотекар, 25 специјални едукатори и рехабилитатори, а според етничката припадност македонци се 23, а албанци 5. Од нив седеум се на определено работно време, а 23 на определено. Во училиштето се вработени и 241 образовен асистен за поддршка на ученици со попречености вклучени во редовните општиснки основни училишта, вработени на определено работно време, според етничката припадност македонци се 129, додека 110 се албанци.

Основното училиште располага со 26 училници за изведување на редовна на**с**тава, 9 кабинети, 1 работилница, библиотека и 20 други простории.

Училиштето располага со 6 функционални ЛЦД проектори, 5 смарт табли, една таблет маса, 15 печатари, 7 мултифункционални печатари во боја, 1 фотокопир, 29 лаптопи и 22 десктоп компјутери, 10 таблети, 1 компјутер со асистивна технолигија (монитор на допир, џојстик, тастатура со големи копчиња и софтвер greed 3). За спецификите и потребите за учениците во училиштето се изготвуваат прилагодени наставни средства.

Училишната зграда се загрева на сопствено парно со нафта.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес за наставните предмети во училиштето ОУРЦ „Иднина“ се реализира согласно донесените Адаптирани Наставни планови и програми за деца со посебни образовни потреби во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта донесени од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија, истите се реализираат според пропишаниот обем и број на часови. Според Наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети.Наставниците со помош на стручната служба и службата на дефектолози изготвуваат Модифицирана наставна програма.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува на Состаноците со родителите,со изготвување на брошура и посочување на веб- страната.

Сите наставни програми се прилагодени спрема посебните образовни потреби на учениците кои ја посетуваат наставата во ова посебно основно училиште.

Поголемиот дел од наставниците ги применуваат разновидните форми и методи во наставниот процес, современите стратегии за учење со користење на расположиви наставни средства и технички помагала.

За поддршка на учениците формиран е инклузивен тим со Одлука бр.04-256/13 од 14.08.2023 година. Тимот изготвил програма за работа.

Училиштето по наставен план, согласно концепцијата и водичот за слобдни и изборни предмети на учениците нуди слободни изборни предмети. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост во соработка со родителите.

Училиштето на наставнички совет, совет на родители и училиштен одбор планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.

Училиштето реализира проширена програма.

Слободните ученички активности во училиштето се застапени во доволна мера и ги задоволуваат потребите и интересите на учениците. Активностите се планирани и еведентирани во дневниците и во извештаите изготвени од наставниците.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Со цел подобрување на квалитетот на наставата, поголем дел од наставниците изготвуваат тематски планирања според способностите и можностите за секој ученик посебно заради специфичноста на работењето во училиштето.Работата на секциите а особено на проектите е добро планирана со јасно утврдени цели, соодветни на способностите на учениците. Наставниците ги прилагодуваат наставните планови преку одбележување на значајни датуми, манифестации, прослави, посети и др.

Училиштето преку училишните тела планира активности за прибирање и разгледување на наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на обем и содржина на наставното градиво, од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Училиштето е мултиетничко и во слободните ученички активности и секции се реализира МИО.

Планирањата се изготвуваат со подршка од стручната служба и секцијата на дефектолози во рамките на училиштето. На наставниците потребни им се обуки за за насочување кон подготвување на поквалитетни наставни методи, форми и техники по наставни предмети.

Училиштето применува ИКТ и асистивна технологија.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Воннаставните активности добро се планирани во Годишната програма на училиштето. Училиштето располага со планирања на разновидни воннаставни активности за афирмација на учениците со пречки во развој.

Воннаставните активности се реализираат со ученици од групи со различен етнички состав.Поголем број на ученици се вклучени во воннаставните активности кои се застапени со повеќе часови во тек на неделата. Афирмирање на воннаставните активности се чести во локалната средина, манифестациите за поддршка на лица со пречки во развојот, одбележување на значајни датуми во рамките на државата и надвор од неа.

Во последните три учебни години учениците со поддршка на наставниците и стручните соработници учествувале во 8 секции, 5 проекти и активности во соработка со локалната заедница.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Постојат и се користат средства за афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари што се организираат на општинско и регионално ниво.

Во последните три учебни години училиштето освоило 8 награди од кои :

- 2 награда на општинско ниво
- 3 награди на меѓународно ниво
- Библиотека на годината за 2022 година од Библиотекарско здружение на Македонија.

Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници.

Во училиштето во претходните три учебни години реализирани се 8 проекти:

- Учество на XVII Меѓународен фестивал „Прекрасен Театар во Чеф“-Р.Полска
- Меѓуетничка интеграција;
- Чекор по чекор;
- Еразмус;
- Направи со мене, а не за мене;
- Реализација на Втора и Трета мобилност во Скопје и Турција во склоп на Еразмусен Проектот;
- Заедно со жените/родители на децата со потешкоти во развојот. Вклучени во 78 основни општински училишта во Скопскиот регион и североисточниот регион;
- Заедно со жените/родители на децата со потешкоти во развојот-реализација на проектни активности подржани од ДМ дрогериа маркет.

Училиштето е во постапка за регистриран училишен спортски клуб но во Централниот Регистер е регистрирано бр.ИБ 01/1-51291-0-0-0.

Училиштето за афирмирање на воннаставните активности има ученичко катче.

Училиштето има формирано тим за меѓуетничка интеграција со Решение бр.02-226/23 од 02.09.2019 година, тимот има реализирано активности со партнер училиште ООУ„25 Мај“-нас.Ченто, ООУ„Наим Фрашери“-Куманово и СОУГД„8 Април“- нас.Шуто Оризаре.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Изготвува споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечие, полугодие и на крај на учебната година.

Успесите на учениците се претставени преку реализација на спроведени вonнаставни активности и проекти. Постигањата се следат индивидуално т.е. како и колку секој ученик постига во текот на учебната година во зависност од констатираните интелектуални можности на секој ученик. Средниот успех за последните три учебни години е одличен 4,75.

Едукацијата е на ниво на индивидуалните способности на учениците со лесни, умерени и потешки пречки во психофизичкиот развој.

Во корективно физички активности се вклучени ученици кои имаат физички деформитети со цел нивно ублажување и постигање на правилно држење на телото и координација на движењата. Логопетскиот третман овозможува корекција на говорот со цел ублажување и нормализирање на говорните аномалии.Постигањата се индивидуални.

Како значајно постигање при реализација на факултативната настава-информатика, е совладување на проста операција на препознавање на форми, бои и големина со помош на ИКТ. Ова постигање е постигнато со ученик со тешки психофизички пречки.

Учениците се оцените и по поведение, во трите претходни учебни години сите ученици оценети се со примерно поведение.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за родителите спроведени се 26 индивидуални советување за нередовно посетување на наставата.

Во училиштето 14 ученици се со физичка попреченост и 87 ученици со психичко попреченост. Стручните соработници и директорот во соработка со наставникот даваат поддршка на учениците.

Наставници планираат дополнителни и соодветни активности според можности и потребата на учениците.

Поради спецификата на посебното училиште не се избира ученик на генерација, но има пропишана процедура за избор на најдобар ученик во месецот. Изборот го врши комисија според изготвени Критериуми за избор на најдобар ученик во месецот, кој се истакнува на видно место. По предлог на одделенските раководители и предметните наставници секој месец се пофалува најдобриот ученик и заради зголемување на мотивација сите пофалени ученици се истакнати во таканаречено Катче за најдобрите.

Сите ученици во училиштето имаат стручен наод и мислење со категоризација на попреченоста кој е издаден од овластената институција ЈУ Завод за ментално здравје ,,Младост‘‘. За секој ученик е утврден степенот на попреченост и потешкотии во учењето и за секој се води соодветна грижа од стручните соработници и наставниците дефектолози. За таа цел се води и посебно пертфолио за секој ученик. Стручните соработници (психолог, социјален работник и логопед) водат уредна евиденција, имаат изготвено програми за работа со деца со посебни образовни потреби, интелектуална попреченост, аутизам и мултихендикеп комбинирана попреченост и системски ги следат нивните постигања. Најголем број од наставниците им обезбедуваат поддршка и на учениците со помали пречки и потешкотии во учењето вклучувајќи ги во различни активности, работилници за изработка на дрво, производи од волница, вклученост во спортски натпревари и друго. Учениците со помала попреченост учествуваат на натпревари со други посебни училишта најчесто во соработка со невладини организации и постигнуваат солидни резултати во рамки на своите можности. Редовно се одржува испланирана дополнителна настава како важен фактор за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето има разработен систем и поединечно ги следи постигањата на учениците и врши анализи при преминот од првиот во вториот циклус и од вториот во третиот циклус на образование.

Имаат Програма за професионална ориентација на учениците и доставуваат известување до ДПИ-МОН за бројот на завршени деветоодделенци. Најчесто завршените ученици се запишуваат во средно посебно училиште, но постојат примери на запишување на ученици и во средни стручни училишта.

### 2.2 Задржување/осипување на учениците

Во училиштето се опфатени ученици со психофизички пречки во развојот од 7 до 17 години. Во тек на учебната година бројот на ученици е менлив. Уписот на учениците не е во рамките на определен рок.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за оправдано отсуство од наставата.

Во учебната 2023/2024 година, вкупно запишани ученици во ОУРЦ„Иднина“-Скопје изнесува 87 ученици во 15 паралелки и во Подрачното училиште ООУ„25 Мај“-н.Ченто – запишани вкупно 6 ученици во една конбинирана настава на албански наставен јазик и во ООУ„Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу“с.Арачиново-општина Арачиново запишани вкупно 4 ученици во една конбинирана настава на албански наставен јазик.

Училиштето и стручниот соработник реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација.Редовноста е вклучена во критериумите за постигања на учениците.

Во последните три учебни години бројот на осипани ученици изнесува 10 ученици.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно- образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

.

### 2.3 Повторување на учениците

Поради нередовно посетување на наставата 10 ученици ја повторувалеучебната 2022/2023 година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Наставниците редовно и навреме ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со адаптираните наставните планови и програми за ученици со посебни образовни потреби изготвени од БРО донесени од МОН. Тоа најчесто се случува поради спецификата на ученици со потешки пречки (аутистични деца и комбинирани пречки) и неможноста часот секогаш да биде реализиран соодветно на дневно оперативно планирање. Наставниците од прво до шесто одделение согласно концепцијата за основно образование изготвуваат дневни оперативни планирања –сценарио за наставниот час. Во оперативниот план за час планирани се соодветни наставни форми, методите и средства и се применуваат наставни техники при реализација на наставниот час. Очекуваните ефекти се на ниво на интелектуалните можности на учениците. Највисокото ниво е постигнување на максимумот во границите на можностите на учениците. Наставниците во текот на наставниот час имаат индивидуален пристап кон секој ученик и евидентираат колкави се постигањата на секој од нив. Честа е појавата на враќање и одново повторување на наставни содржини кои веќе се обработени како начин за посолидно реализирање на поставените цели во планирањата. Освен за наставни предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, вонннаставни активности и дополнителна настава.

На почетокот на учебната година училиштето има изготвено Годишна програма за работа. Во училиштето планирањата на наставниците се следат со инструмент за следење на планирањата и поготовката на наставниот час од страна на директорот и психологот два пати во едно полугодие.

Наставниците при изготвување на планирањата разменуваат искуства и прибираат идеи во рамки на стручните активи, преку разговорите со поискусните наставници, добиваат поддршка од директорот и стручните соработници.

Сите наставници користат ИКТ за сопствени потреби при изготвување на планирањата.

Распоредот на часови го изготвува директорот во соработка со оделенскиот наставник, а техничката поддршка е од наставник по ОТП. Во распоредот стојат обврските на наставниците за прифаќање пред часови и испраќање на учениците после часови особено заради клизното време кое е поврзано со организираниот превоз на учениците.

## 3.2 Наставниот процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на сите наставници. Беа посетени наставниците во Централното ОУРЦ„Иднина“ и во подрачните: ООУ„25 мај“ нас.Ченто и во ООУ„Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу“с.Арачиново. Наставата се изведува во паралелки, и конбинирана настава.

На посетените часови констатирано е дека училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот. Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Сите наставнициимаа изготвено и користеа дневен оперативен план –сценарио за час. Планираните и користени наставни форми и методи соодветствуваат на потребите на учениците и нивните способности за учење.

Изборот на задачите и активностите, секогаш се прилагодени на индивидуалните образовни потреби на учениците, односно се адаптирани според капацитетот и можноста на ученикот. Поголем број од наставниците користат ресурси и различни приоди за учење и настава. Се користат бесплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето и разновидни наставно-нагледни средства соодветни на потребите на учениците.

Успешноста на часовите е во тесна врска со проценката на потребите на учениците како и со проценката на нивната индивидуална општа состојба. Нискиот степен на концентрација и лесното заморување на учениците се надминува со стимулирање од страна на наставниците. Наставниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениците и на соодветен начин ги поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и во целост нивниот придонес се почитува. При постигнување на воспитно-образовните цели редовно ги пофалуваат учениците.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, поддршка, соработка и разбирање, без притоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивната попреченост, нивниот пол, социјалното потекло, како и нивната етничка припадност.

Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес.Посета на часови врши директорот и стручната служба на училиштето, најчесто по еднаш во полугодие кај секој наставник. Посетите се почести кај наставниците приправници. Евиденцијата од посетата на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час и нуди систематизираност и ефективност.

Во посебното училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. При посета на часови костатирани се соодветни методи за ученици со посебни образовни потреби. Поради неминовноста на индивидуалниот пристап кон учениците со посебни образовни потреби интеракцијата меѓу наставниците и учениците е максимална во секој дел од наставните часови, но поради спецификите на учениците поретко може да се примени интеракција на релација ученик-ученик.Поради попреченоста учениците ретко поставуваат прашања за она што не им е јасно и покрај тоа што наставниците редовно ги охрабруваат.

Успешноста на часовите е во тесна врска со проценката на потребите на учениците како и со проценката на нивната индивидуала општата состојба. Нискиот степен на концентрација и лесното заморување на учениците се потешкиот дел на наставните часови кој се надминува со стимулирање и мотивирање од страна на наставниците.

Наставниците се обучени за употреба на информатичко-компјутертска технологија во наставата и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на ИКТ од вкупниот фонд на наставни часови. Со оглед на малиот број на ученици во одделенијата, ИКТ се реализира според предвидената динамика во планирањата на наставниците, а за таа цел најчесто се користат наставнички лап-топи и инсталирани PC-компјутери.

### 3.3 Искуствата на учениците од учењето

Мал дел од учениците можат самостојно да се искажат за сопствените искуства од учењето. Поголем број од учениците не се во состојба да преземаат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Во секоја училница и во ходниците на училиштето има истакнати трудови на учениците.

Наставниците во голема мера ги охрабруваат учениците во однос на постигањата и резултатите, често ги пофалуваат за одредени воспитно-образовни активности.

Училиштето и наставниците за овие ученици е втор дом каде се згрижуваат,описменуваат и стекнуваат работни навики. Постојат и се применуваат различни форми за соработка меѓу наставниците и учениците.

Учениците во зависност од интересот заеднички работат на различни проекти и работилници во и надвор од наставата.

Искажувањето од страна на родителите е дискутабилно и малку веродостојно.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар составен од дефектолози и стручните соработници психолог, социјален работник и логопед ги индентификува образовните потреби, интелектуалните способности и пречки во процесот на учење. Тоа го прават преку соодветни дефектолошки тестови и според видот и степенот на психофизичка попреченост наведена во стручниот наод и мислење добиен од ЈУ Завод за ментално здравје ,,Младост‘‘. Ова е појдовна основа за планирање на целите во наставниот процес за секој предмет и за изготвувањето на индивидуалните оперативни планирања за секој наставен час посебно.

И покрај адаптирање на планирањата на наставниците соодветно на посебните образовни потреби честопати се случува целите да не бидат постигнати поради потешка психофизичка попреченост (аутистични деца).

Наставниот кадар, стручната служба, техничкиот персонал и учениците се информирани и учествуваат во реализација на точките на акции од воспоставените еко-стандарди од еко-проектот.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да се даде соодветна поддршка на секој ученик. На почетокот на наставната година наставниците вршат дијагностичко проверување и опсервација на учениците со цел да се добие точна претстава за целокупниот развој (социјален, емоционален и физички). Наставниците дефектолози и соодветните стручни соработници изготвуваат тестови за процена на латерализација кај учениците, процена на говор, гностичка и праксичка процена, проценка и вежби за психомоторна реедукација и монтесори вежби.
Оценувањето е во согласност со дадените насоки во адаптираните програми за работа со деца со психофизичка попреченост. Наставниците сами изготвуваат прилагодени критериуми за оценување во кој спаѓа редовност, активност, мотивираност, творечки вештини, моторички способности и учество на ученикот во одредени активности. Оценувањето на учениците е описно и бројчано, најчесто е усно, преку следење и набљудување на постигањата на учениците кои континуирано се евидентираат во ученичките портфолија. Применливи се од учебната 2016/2017 година со нови евидентни листови за следење на постигањата на учениците(изготвени од БРО и МОН). На крајот од секое тромесечје врз основа на формативното оценување, се врши микросумативно и бројчано оценување. Се оценуваат различни активности на учениците и се користат дефектолошки тестови. Поради степенот на попреченост не може да се примени самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците. Кај најголем дел од наставниците, очекуваните ефекти и постигнати резултати се наведени во планирањата.

Поведението, дисциплината и педагошките мерки редовно се евидентираат, но немаат големо влијание врз однесувањето на учениците.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите ги применува. Се врши прибирање информации за постигањата на учениците за кои се води уредна евиденција и на транспарентен начин се даваат конкретни повратни информации на родителите поврзани со постигањата и оценките на своето дете. Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки. До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалификациони периоди, а може да се информираат и со Е-дневник, но мал е бројот на најавени родители. За успехот и постигнатите резултати се расправа на родителски средби, а поради спецификите на учениците со посебни образовни потреби родителите имаат можност на секојдневни индивидуални средби со наставниците.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигигуран во Кроација осигурување АД Скопје со полиса бр.080010068951 за период од 18.11.2022 година и трае до 18.11.2023 година.Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното.Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците, учениците се информирани за можните опасности. Во училиштето има тројца обучени од кадарот, за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и изведена е симулација на ден 24.03.2023 година организирана од Дирекција за заштита и спасување - Скопје. За безбедноста на учениците се грижи патролна единица од ПС Битпазар, а училиштето има чуварска служба (од 14:30 до 22:30 часот), средствата ги обезбедува основачот - Министерството за образоавние и наука, се спроведуваат и редовни дежурства од страна на наставниците и технички персонал. Во училиштето има инсталирано интернет мрежа и телефонска врска, поставено 9 ПП апарати сервисирани и атестирани на 20.04.2023 година, 10 хидранти, а Громобранска инсталација е застарена и не е во функција. Училиштето поседува елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните.Протоколите доследно се реализираат и се применуваат.Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците.Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за тровија со деца и позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите.Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за сите видови насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања и работилници соодветни на способностите на учениците согласно годишната програма на стручните соработници.

Во училиштето има организирана исхрана за учениците со топол и ладен оброк, истата се подготвува во училишната кујна од страна на готвач вработен во училиштето, согласно норматив. Најмалку двапати во едно полугодие во училиштето се врши проверка на

примероци од храната од страна на Агенција за храна и ветеринарство.Во училиштетосе води кампања за здрава исхрана на учениците.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби и прекусоработка со општинските основни училишта за поддршка на инклузивното образование согласно упатството за соработка.

Во училиштето има 10 ученици со телесен инвалидитет и пристапот во училиштето е адаптиран на нивните потреби и способности. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење, обележани стази за движење, пристапна рампа, а училиштето располага и со прилагодени тоалети за ученици со телесен инвалидитет.

Училиштето има обезбедени материјални средства за сите 87 ученици да ја следат наставата под исти услови како другите ученици, од другите училишта и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето сите ученици се во категорија на социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на учениците училиштето соработува со основачот-Министерството за образование и наука, Црвен крст и невладини организации спроведува хуманитарни организации, а на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е добра.Училишниот простор се чисти надворешно и внатрешно и дезинфицира во секое време од денот и ги задоволува законските прописи.Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е холтикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор.

За учениците училиштето организира систематски прегледи кои се реализираат според однапред утврден распоред со медицински кадар од Здравствен дом Чаир, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во текот на 2022 година во ПЗУ Поликлиника од примарна заштита,,Превемед‘‘ – Скопје.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи).

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование, училиштето навремено им обезбедува на родителите јасни и точни информации, аучениците учествуваат на презентации организирани од страна на ДСУ за рехабилитација и образование Св. Наум Охридски - Скопје кое нуди промотивен материјал и информации за уписите во нив.Училиштето има постојана соработка со сите средните училишта.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија, а на учениците им пружа помош за професионално насочување.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно¬образовниот процес.

## 5. Клима

### 5.1.Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според добар квалитет на работење и поддршка на учениците, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи меѓу поголем број наставници. Вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.
Училиштето има Кодекс на однесување бр.01-256 од 14.08.2023 година, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето. Училиштето има Куќен ред бр.01-256 од 14.08.2023 година, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето.
Во училиштето постои професионална соработка меѓу поголем број наставници. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето.
Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Кај поголем број наставници постои работна атмосфера за време на наставата и

вонннаставните активности. Во последните три учебни години не се изречени педагошки мерки.
За организирано остварување на интересите на учениците има ученичка заедница на паралелка и ученички парламент подржана од наставниот кадар.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Најголем дел од наставниците успешно ја организираат средината за учење. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања .

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари. Училиштето нема развиен систем на наградување на учениците и наставниците што постигнале успех на натпревар. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности на училишно ниво.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето не организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.

Од учебната 2022-2023 година училиштето го реализира МИО проектот. За реализација на активностите планирани во Годишната програма на училиштето има формирано тим со Решение бр.02-226/23 од 02.09.2019 година, тимот има реализирано број активности со партнер училиштеООУ„25 Мај“-нас.Ченто, ООУ„Наим Фрашери“-Куманово и СОУГД„8 Април“ -нас.Шуто Оризаре.

Наставниците имаат планирано интегрирани содржини од МИО и планираните ги реализираат согласно планираната динамика**.**

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето планира активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и прием во текот на наставниот ден кога наставникот има слободен час, но нема определено приемен ден. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на најголем број родители во пишана форма (брошура). Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.
Во соработува со локалната заедница училиштето спроведува заеднички проекти, активности и организира настани од интерес на заедницата.
Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот објект е сместен во Општина Чаир, монтажен тип, стара градба со три поврзани павилјони изграден 1964 година. Училишниот објект е со внатрешна површина од 3102 м2, училишен двор со површина 13987 м2 кој е хортикултурно уреден и 200м2 спортски терени и игралишта. Својата дејност училиштето ја обавува и во две дисперзирани паралелки на албански наставен јазик во ООУ „Георг Кастриот“-Општина Арачиново и ООУ „25 Мај“-општина Гази Баба. Има 7 центри за поддршка на учењето од кои два се во функција во ООУ „Гоце Делчев“ –општина Илинден, ООУ „Стив Наумов“-општина Гази Баба.
Училиштето располага со 16 училници, 3 кабинети, 12 специјализирани кабинети за изведување специјализирани услуги, 2 логопедски кабинети, 1 кабинет за говорно јазична стимулација, 1 библиотека со медиатека и читална, наставничка канцеларија, 6 административни простории (директор, психолог, социјален работник, секретар и специјални едукатори и рехабилитатори), училишна кујна и трпезарија, перална, една просторија за родители, просторија за неговател, за домаќин, за хаусмајстор, за чувар, за технички персонал и две магацински простории.
Училиштето се загрева со сопствено парно греење-котлара. Во училиштето има вкупно 2 санитарни јазли прилагоденои за ученици со посебни потреби, еден тоалет со бања, адаптиран за ученици со посебни потреби и 2 за вработените, кои ги задоволуваат хигиено-техничките стандарди. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според стандардите и Нормативот. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Располага со распоред и максимално се искористени училишните простории за изведување на настава и воннаставни активности.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставатаза сите видови попреченост.
Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и според приоритетите и потребите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно - образовниот процес.Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е многу добра. Од наставни помагала училиштето располага со 6 функционални ЛЦД проектори, 5 смарт табли, една таблет маса, 15 печатари, 7 мултифункционални печатари во боја, 1 фотокопир, 29 лаптопи и 22 десктоп компјутери, 10 таблети, 2 ЛЦД платна, наставни материјали по музичко образование, за работа со ученици со попречености (музикотерапија), 1 компјутер со асистивна технолигија (монитор на допир, џојстик, тастатура со големи коплиња и софтвер greed 3). За спецификите и потребите за учениците во училиштето се изготвуваат прилагодени наставни средства. Во училиштето постојат специјализирани кабинети наменети за индивидуални потреби на учениците со попреченост, и тоа: монтесори кабинет опремен со специјални монтесори дидактички материјали, кабинет за психомоторна реедукација опремен со вертикализатори и реквизити за фина и груба моторика и психомоторни вежби; кабинет за сензорна интеграција опремен

со сензорни материјали и опрема за примена на сензорна интеграција и кабинет за сензорна стимулација опремен со материјали и опрема за сензорна стимулација, кабинет за асистивна техноилогија опремен со асистивни помагала, кабинети за реализација на модифицирана програма на македонски и албански наставен јазик, адаптиран со дидактички материјали согласно потребите на учениците, за примена на нови методи и техники за работа, кабинет за окупациона терапија и професионален развој на учениците опремен со опрема со технички средства за работа. Наставниците, наставниците специјални едукатори и рехабилитатори знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставните часови кај поголем број наставници е со користење на ИКТ опрема. Училишната библиотека располага со повеќе од 5 наслови на книги по ученик, или вкупно 1249 нслови и 3640 книги. Книжниот фонд содржи детска литература, белетристика, списанија, брошури, лектири, стручна литература, зборници, литература на други јазици, монографии, прирачници, адаптирани меки книги за ученици со посебни потреби, звучни книги на македонски, албански и англиски јазик. При издавањето се води електронска евиденција, како и евиденција за оштетеноста и потребите од нови изданија. На работно место библиотекар распореден е еден библиотекар со полно работно време, кој има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 10.00 до 16.00 часот.
Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности. На почетокот на годината се изготвува план за набавки на планираните средства и снабдувањето се врши тековно согласно со утврдените потреби, приоритети и финансиските можности. Училиштето набавува канцелариски материјал, фотокопири, специфични дидактички материјали за инклузивно образование, материјали за поправка и одржување на училишните простории, поправка на опрема и средства за хигиена.

## 6.3 Обезбедување на потребениот наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и сите во моментот на интегралната евалуација имаат соодветно образование согласно нормативите.
Наставниот процес во училиштето го реализираат 19 наставници (4 мажи и 15 жени), од кои 12 во одделенска и 7 наставиници во предметна настава, од кои 8 на определено работно време и 11 на неопределено, според етничката припадност македонци се 13, а 6 албанци. Во училиштето се вработени 30 стручни соработници, од кои еден училишен психолог, еден социјален работник, двајца логопеди,од кои еден на македонски, а еден на албански наставен јазик, библиотекар, 25 специјални едукатори и рехабилитатори, а според етничката припадност македонци се 23, а албанци 5. Од нив седеум се на определено работно време, а 23 на определено. Во училиштето се вработени и 241 образовен асистен за поддршка на ученици со попречености вклучени во редовните оштиснки основни училишта, вработени на определено работно време, според етничката припадност македонци се 129, додека 110 се албанци. Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците во реализацијата на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите со кои се соочуваат учениците преку групна и индивидуална работа, а преку работилници работат на подобрување на соработката на учениците и наставниците.
Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција.
Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во текот на интегралната евалуација училиштето има шест наставници – приправници и за нив училиштето има назначено ментори. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.
Наставниците работат во рамки на активи еден за одделенска настава, еден во предметна настава. Во училиштето има еден актив за стручни соработници за специјализирани образовни услуги, еден актив на стручни соработници за поддршка на инклузивното образование и еден актив на стручни соработници-образоавни асистенти. При ангажирање на наставниот кадар се земаат во предвид законските и подзаконските акти и нормативите

за наставен кадар. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадарот

Сите наставници и стручни соработници изработуваат личен план за професионален развој, училиштето ги идентификува потребите на наставниците и стручните соработници и изготвува програма за професионален развој при што ги има во предвид основните професионални компетенции за наставниците и стручните соработници.

Училиштето им овозможува посети на обуки и работилници на наставниците и стручните соработници. Во последните три учебни години наставниците и стручните соработници учествувале на 25 обуки, а Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници и во интерни обуки.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, а има и интерен Правилник за наградување и мотивација на наставници и стручните соработници. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Работата на наставник - приправник ја следи ментор и стручната служба кои даваат соодветна и стручна помош.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.Се прави годишен финансов план и годишен план за јавни набавки.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Јавните набавки се реализираат согласно Закон. За училишниот буџет и трошоците се информираат членовите на Училишниот одбор како орган на управување. Училишен одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиските извештаи се разгледуваат и донесуваат од страна на Училишен одбор.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

## 7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА

### 7.1. Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа бр.01-612/4 од 13.08.2021 година и планирана во Годишна програма за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес, има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта.

Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

### 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во подобрување на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1 Силни страни:

- Добра афирмација на постигањата на учениците
- Организирање на бројни воннаставни активности
- Организира хуманитарни акции за социјално загрозени ученици
- Промовирање на мултикултурализмот и зајакнување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците во воспитно-образовната работ
- Добар приод, поттикнувачки пристап, упатување на пофалба и задоволување на посебните образовни потреби од страна на наставниците
- Истакнати трудови иизработки на учениците
- Опременост со наставни средства и помагала прилагодени и адаптирани за ученици со попреченост
- Опременоста на библиотечниот фонд со книги прилагодени за ученици со попреченост

### 8.2 Слаби страни:

- Потреба од обуки за планирање на наствата со современи техники и методи
- Немање доволна соработка со родителите
- Нефункционална громобранова инсталација во училиштето.

**Препораки:**

- Да се спроведат обуки за планирање на наствата со употреба на современи методи и техники
- Продлабочување на соработката со родителите на сите полиња
- Да се стави во функција громобранова инсталација во училиштето.

| | |
|---|---|
| Гоце Јанкуловски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Џавид Сулејмани, член на инспекцискиот тим | |
| Драгослава И. Војницалиевска член на инспекцискиот тим | |